

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец октомври 2025

Датум: 10.11.2025
Сектор Инвестиции

SAVA PENZISKO

Содржина

1. Македонски Телеком АД Скопје ........................................................................................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец октомври 2025 година, се одржаа акционерски собранија на: **Македонски Телеком АД Скопје,** компанија во која ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус поседуваат акции и согласно Правилникот Друштвото имаат обврска за присуство и известување.

# 1. Македонски Телеком АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,96%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,50%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 21.10.2025 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар.<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Предлог Одлука за отповикување, избор и реизбор на членови на Одборот на директори на Друштвото | |

| | |
|---|---|
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов |

**II. Македонски Телеком АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 22.10.2025 година со почеток во 13:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар.

**Гласаше ЗА предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Предлог Одлука за отповикување, избор и реизбор на членови на Одборот на директори на Друштвото.

**Гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски телеком АД Скопје:

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На годишното акционерско собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 96,42% од акциите со право на глас.
По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точката од Работниот дел.

Како единствена точка од работниот дел, со 100% од присутните акционери на собранието се изгласа и Одлуката за отповикување, избор и реизбор на членови на Одборот на директори на Друштвото. Господинот Никола Љушев, државјанин на Република Северна Македонија, беше отповикан од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, почнувајќи од 21.10.2025 година. Господинот Андреас Маиерхофер, државјанин на Република Австрија, беше избран на негово место како неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 21.10.2025 година. Исто така, присутните акционери на собранието ја реизбраа госпоѓата Диана Анамариа Паркањи-Варкоњи, државјанин на Република Унгарија за неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 25.01.2026 година.

Мандатот на избраниот член и на реизбраниот член на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по точката од Дневниот ред.

Откако беа изгласани сите точки од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.